Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-526/4
22-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-526/1 од 06.10.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] од Скопје за сторена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 22.11.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНО, ПОВТОРЕНО И ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на припадност на маргинализирана група и сексуална ориентација сторено од страна на [redacted] од Скопје насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 10.06.2022 година е доставена Претставка бр. 08-526/1 од страна на [redacted] со ново име [redacted] Скопје со седиште на [redacted] Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во друга област, односно на социјалната мрежа „Facebook" врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје.

Имено [redacted] на 24.09.2022 година во 16:35 часот, на социјалната мрежа „Facebook" ја објавил следнава содржина:

*Го имате на сликата мојот одговор против новата пријава. Комисијата за заштита од дискриминација почна уште едно гонење против мене по пријава на ЛГБТ-заедницата оти со мој пост што го гледате на сликата сум ги дискриминирал по основ на сексуална ориентација. Без оглед што почнуваат гонење, во последниот пасус на мојот одговор се гледа дека [redacted] доколку дојде на власт ќе им помогне на овие луѓе кои одат против природата со соодветен институционален третман да ги врати во нормалното!*
*Да потсетам, веќе се води и друга постапка против мене по пријава на бугарашите во Македонија и за нивна дискриминација.*
*Произлегува дека сите се дискриминирани а само ние Македонците немаме проблем а токму нас Македонците не дискриминираат со бришење од светската мапа на нации.*

Комисијата, во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави барање за произнесување по наводите од претставката до [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Иако уредно ја примил претставката и барањето за произнесување, [redacted] во определениот законски рок не достави писмено произнесување до Комисијата.

Со оглед на фактот дека подносителот, согласно чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го стори веројатно тврдењето, а лицето против кого е поднесена претставката не се произнесе по наводите од истата, Комисијата во постапувањето по предметот ги ценеше само наводите од претставката на подносителот и доказите кон истата.

Комисијата утврди дека со цитираната објавата на социјалната мрежа „Facebook" е сторено вознемирување по основ на припадност на маргинализирана група и сексуална ориентација.

Имено, Комисијата анализирајќи ја содржината на текстот од објавата, утврди дека иако истата не содржи директна и експлицитна вознемирувачка содржина, сепак така поставените „аксиоматски" тврдења, создаваат предрасуди и стереотипи за одредена група на лица кои понатаму промовираат омраза која може да резултира со потешки повреди, односно дела од омраза врз групата на лица на кои текстот се однесува. текстот на начин и со цел да се промовира одредена дебата или дискусија, може да доведе до стигматизирање на одредена група на лица и воедно да поттикне говор на омраза и дискриминација спрема овие лица. Воедно на тој начин објавената содржина директно влијае и врз општествената перцепција за одредените здруженија на граѓани кои меѓу другото, за цел имаат промоција на човековите права на припадниците на ЛГБТ+ заедницата, како и подигање на свеста во општеството за предметните заразни болести.

Комисијата смета дека објавувајќи содржини во вид на општо прифатени тврдења, при тоа, создавајќи презир кон една цела група на лица како припадници на маргинализирана група врз основа на нивна сексуална ориентација, како и кон одредени здруженија на граѓани, видно од објавениот текст – статус, претставува вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Вознемирување согласно наведениот член од Законот, е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Оттука, Комисијата во рамки на своите законски надлежности има обврска да постапува со цел да обезбеди заштита на лицата, односно група на лица кои се жртви на вознемирувачки говор, а би можеле да бидат цел и на говор на омраза, а следствено на тоа и на дела од омраза. Водејќи се од тоа, Комисијата ги користи средствата кои ги има на располагање за да ја понуди потребната заштита која едно демократско општество има за цел да ја обезбеди, при тоа, имајќи ја во предвид и меѓународната правна пракса.

Следствено на тоа, Комисијата посебно во предвид го имаше случајот пред Европскиот суд за човекови права, Beizaras and Levickas v. Lithuania 41288/15, кој воедно се однесува и за хомофобични коментари под објава на социјални мрежи, а во кој случај Судот одлучил дека ваквите коментари мора да бидат санкционирани во едно демократско општество. Според Судот, дури и еден коментар со елементи на омраза, под објава на социјални мрежи е доволно да се сфати сериозно во случај кога објавата на социјалните мрежи има голема видливост. Во однос на таквата судска пракса, Комисијата го ценеше фактот дека објавениот текст – статус од лицето [redacted] предизвикал голем број на коментари со хомофобична содржина под неговата објава на социјалната мрежа „Facebook"

Имајќи предвид дека стореното вознемирување е направено врз повеќе дискриминаторски основи, истото подолго време произведува дејство, а Комисијата и претходно со мислење 08-412 од 31.10.2022 има утврдено дека [redacted] сторил вознемирување врз основа на маргинализирана група и сексуална ориентација, Комисијата одлучи дека станува збор за потежок облик на дискриминација, согласно чл. 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи предвид дека објавата со која се врши вознемирување, во моментот на пријавување на случајот, има 437 допаѓања, 19 споделувања и 69 коментари кои содржат

вознемирување, во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата одлучи дека овозможувањето на ваквите коментари од страна на [redacted] претставува повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, во смисла на чл. 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Следствено на тоа, а во согласност со чл. 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со цел да се отстрани утврдената повреда и можните последици од истата, ја дава следната

## ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted], со адреса на живеење на [redacted] Скопје, во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од приемот на ова мислење да ја избрише горенаведената објава на социјалната мрежа „Facebook" и за тоа писмено да ја извести Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] јавно да се извини на припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, со објава на неговиот личен профил на социјалната мрежа „Facebook", најдоцна во рок од 30 дена од денот на добивањето на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА именуваниот во иднина да се воздржи од објави во било кој медиум и во било кој формат, а кои објави во себе содржат вознемирувачка содржина врз било кои дискриминаторски основи, како и да се воздржи од дејства кои значат повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

НАПОМЕНА: Доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по препораката во определениот рок, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Скопје
22.11.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]